# Дали сте вработени по договор или повремено?



Го зборуваме вашиот јазик ☎ 13 1202

*Are you a contract or casual worker?* - **Macedonian**

Ако поднесете барање за една од следните исплати за поддршка на приходите, може ќе треба да почекате пред да почнете да ја примате исплатата:

- Newstart Allowance (Додаток за барање работа)
- Youth Allowance (Додаток за млади)
- Austudy (Парична помош за учење или студирање во Австралија)
- Sickness Allowance (Додаток при боледување)
- Carer Payment (Исплата за негуватели)
- Special Benefit (Специјална исплата [само за назначени носители на виза])
- Disability Support Pension (Пензија за поддршка на онеспособени лица [освен клиенти што се трајно слепи])
- Parenting Payment (Исплата за родители), **или**
- Widow Allowance (Додаток за вдовци/вдовици).

Ако вие или вашиот партнер сте извршиле било каква работа по договор или повремена работа во последните шест месеци, може ќе треба да чекате некое време пред да добиете исплата. Времето на чекање важи за сезонските работници од 1999 г., а од 20 септември 2006 г. важи и за работниците по договор и за повремените работници.

## Што е тоа работа по договор или повремена работа?

**Работа по диговор** е секоја работа што се врши под договор за некоја определена функција и/или период, вклучувајќи и работа со поддоговор.

**Повремена работа** (или привремена работа) е работа што се добива одвреме навреме, за која разумно може да се предвиди дека ќе заврши или дека ја нема по некое време, што трае пократко од една година и за која не следува право на одмор или отсуство.

**Работата по договор и повремената работа вклучуваат:**

- работа во која има редовни прекини – како што е работата во фабрики што привремено затвораат во времето на Божик или заради редовно одржување
- било која работа што прекинува и почнува редовно – како што е работата во рударската и нафтената индустрија
- работа што не е постојана или работа за која може да се предвиди дека ќе има период на невработеност
- работа на замена – како што е работата на замена како учител или во здравството
- советодавна работа
- работа по договор, вклучувајќи и работа со поддоговор
- здравствени и медицински работници, **и**
- работа по договор во областа на уметностите и на забавата.

## Дали времето за чекање ќе важи за вас?

Времето за чекање **нема** да важи за вас ако:

- работата што сте ја работеле траела подолго од една година, **или**
- ви се насобрало право на користење на одмор додека сте работеле по договор или повремено.

Времето за чекање ќе важи:

- ако работата што сте ја работеле му одговара на описот на работата по договор или на повремената работа, **и**
- платата што ви ја плаќале за оваа работа е поголема од просечната обична неделна надница (Average Weekly Ordinary Time Earnings - AWOTE)*.

Centrelink ќе пресмета колку долго треба да чекате пред да можете да добиете исплата ако за вас важи времето за чекање.

**Centrelink ќе пресмета колку долго треба да чекате пред да можете да добиете исплата ако за вас важи времето за чекање.**

* Просечната обична неделна надница (Average Weekly Ordinary Time Earnings - AWOTE) е мерка за заработувачката на Австралијците при обичното работно време што се работи секоја недела пресметано од Австралиското биро за статистика. Соодветната бројка на AWOTE за барањата поднесени во 2006 г. изнесува $1022.60 неделно за самци и $2045.20 неделно за парови. Оваа бројка се обновува секоја година. Следните примери покажуваат како се пресметува времето за чекање.

## Колку долго е времето за чекање?

Тоа зависи од тоа колку сте заработиле од работата и колку долго сте работеле.

Ако вашата заработка била поголема од износот на AWOTE, тогаш може ќе треба да чекате некое време пред да добиете исплата.

Следните примери покажуваат како се пресметува времето за чекање.

### Пример 1

Рејчел работеше во хотел осум недели. Стана невработена и побара Newstart Allowance (Додаток за барање работа). Нејзината вкупна заработка за овој период е $12 288.

Времето за чекање на Рејчел се пресметува на следниот начин:

Чекор1: Вкупната заработка од работата поделена со AWOTE ($1022.60)
$12 288 ÷ $1022.60 = 12.01 недели
(Тоа значи дека Рејчел добила износ еднаков на 12.01 недели AWOTE)

Чекор 2: 12.01 недели – осумте недели во кои Рејчел работела = 4.01 недели

Овој износ се заокружува на најблискот помал цел број што е поповолен за Рејчел: четири недели.

Рејчел ќе треба да чека четири недели од датумот кога престанала да работи пред да може да и се исплати Newstart Allowance (Додаток за барање работа).

### Пример 2

Дарен е оженет и работел на градилиште 16 недели. Тој веќе нема работа и бара Newstart Allowance (Додаток за барање работа). Неговата вкупна заработка за овој период изнесува $34 234. Партнерката на Дарен, Џули, работи повремено како сметководител. Нејзината заработка во текот на 16-те недели додека Дарен работеше на градилиштето изнесуваше $9376. Кога Дарен заврши со работата, парот побара Newstart Allowance (Додаток за барање работа).

Времето за чекање се пресметува на следниот начин:

Чекор 1: Заработката на Дарен и на Џули се собираат
$34 234 + $9376 = $43 610

Чекор 2: Заработката на парот се дели со AWOTE за пар $2045.20
$43 610 ÷ $2045.20 = 21.32 недели

Чекор 3: 21.32 недели – 16-те недели што ги работел Дарен = 5.32 недели

Овој износ се заокружува на најблискот помал цел број: пет недели

Дарен и Џули ќе треба да чекаат пет недели од датумот кога Дарен престанал да работи пред да може да им се исплати Newstart Allowance (Додаток за барање работа).

### Пример 3

Брајан е самец и работеше како болничар на замена 26 недели. Престана да работи пред шест недели, и реши да оди на одмор пред да бара работа, и дури сега бара Newstart Allowance (Додаток за барање работа) Неговата вкупна заработка за овој период е $30 585.

Неговото време за чекање се пресметува на следниот начин:

Чекор 1: Вкупната заработка од работата поделена со AWOTE ($1022.60)
$30 585 ÷ $1022.60 = 29.90 недели

Чекор 2: 29.90 недели – 26-те недели во кои Брајан работел = 3.90 недели

Овој износ се заокружува на најблискиот помал цел број: три недели.

Тие три недели се од датумот кога Брајан последен пат работел. Брајан **нема** да треба да чека пред да може да добие исплата Newstart Allowance (Додаток за барање работа) бидејќи веќе изминале шест недели од датумот кога последен пат работел.

## Што ќе треба да му доставите на Centrelink?

Ако вие или вашиот партнер сте завршиле со работење по договор или со повремено работење во шесте месеци пред да поднесете барање, ќе треба да пополните формулар за да му доставите на Centrelink поединости како што се:

- каков вид на работа сте работеле (вие и/или вашиот партнер) и за кого сте работеле
- кога сте почнале и кога сте завршиле со работата
- колкава е вашата бруто заработка за тој период, **и**
- поединости за сите одбитоци што можеби можете да барате да ви се врати (како што дозволува Австралиската даночна служба).

Исто така, ќе треба да доставите и потврда за информациите во вид на извод од плата, фактура, групни уверенија, извод за приходи и расходи, платна книга, банковен извод, лист за поминато работно време или писмо од вашиот работодател.

Ако не сте сигурни дали овие промени ќе влијаат на вас или ако сакате повеќе информации, јавете се во Centrelink. Ако имате финансиски тешкотии додека да помине вашето време за чекање, или ако ви е потребна финансиска помош, разговарајте со Centrelink.

Ако вработувате работници на кои ова би можело да влијае, може од вас да се бара да му доставите на Centrelink информации за нивната работа. Ве молиме јавете се на Дежурната деловна телефонска линија на Centrelink на **13 1158** ако имате било какви прашања.

## Оградување

Информациите содржани во овој печатен материјал се наменети да бидат само водич за расположивите исплати.

**Кои се вашите обврски?**

- Ваша обврска е да одлучите дали сакате да поднесете барање за исплата и да го поднесете барањето, имајќи ги предвид вашите специфични околности.
- Информациите се точни во септември 2006 г., но се разбира може да се изменат.

**Од кој датум се плаќаат бенефициите?**

Повеќето државни исплати се плаќаат од или по датумот на кој е поднесено барањето. Па така, колку побрзо ќе го поднесете барањето, толку побрзо може да ви се исплати.

**Каква е состојбата ако работите со трето лице?**

Може да работите со трето лице што не е член на персоналот на Centrelink. Ако е таков случајот, ве молиме запомнете дека Centrelink нема овластено ниту едно трето лице да ви дава информации или совети во врска со вашите исплати.

За да зборувате со Centrelink на други јазици што не се англиски, телефонирајте на **13 1202***.
Информации на вашиот јазик може исто така да се најдат на местото на интернет на **www.centrelink.gov.au**

* Повиците на броевите што почнуваат со “13” од обичен телефон може да се направат од било каде во Австралија по цена што не е поголема од цената на локален телефонски повик (цената на повикот може да се разликува во зависност од давателот на телефонската услуга). Повиците на броевите што почнуваат со “1800” се бесплатни. Повиците од јавни и мобилни телефони може да се наплаќаат по повисока тарифа.